# СИРМА ВОЈВОДА




I

Каде се чуло видело, мома војвода да биде,
на седумдесет другари, на тие гори зелени,
на тие гори зелени, на тие води студени.

II

Сирма на дружина говори: (2 пати)
„Ќе врземе прстен на бука, пукајте редум на нишан,
кој ќе ми прстен прониже, тој ќе ни биде војвода."

III

Сите си редум пукаа, никој ми прстен не удри,
Сирма им вели, говори: „Дајте ми мене пушката".
Пукна ми пушка од рака, прстенот падна од бука.

IV

Сите си камен фрлаа, никој си камен не натфрли.
Сирма си камен натфрли десет чекори потаму,
тогај ја Сирма избраа војвода таа да биде.

Димчевски, Ѓорѓи. Седенка се збира. Скопје: Културно-просветна заедница на Скопје, 1986